Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# Упатство за реализација на наставата

## ВО ПОСЕБНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, ПОСЕБНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ВО ДРЖАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 година

Наставата во посебните основни училишта, посебните паралелки при основните училишта и државните средни училишта во Република Северна Македонија за ученици со посебни образовни потреби (ПОП) или поконкретно за ученици со попреченост, кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања[1], се реализира по адаптирани наставни планови и програми кои се прилагодени на можностите и на способностите на учениците со различни попречености (оштетен слух, оштетен вид, пречки во психичкиот развој/попреченост во менталниот развој/интелектуална попреченост, аутизам и мултихендикеп/со повеќе видови попречености/комбинирани пречки)[2].

Наставните планови се адаптирани (редуцирани) во бројот на наставните предмети и бројот на часови со кои се застапени на неделно, односно годишно ниво.

Наставните програми се адаптирани во сите сегменти на програмската структура, вклучително и во екстензитетот и интензитетот на нивната реализација.

Изготвувањето индивидуален образовен план (ИОП) или модифицирана програма овозможува дополнително прилагодување на наставата на психофизичките способности и можности на секој ученик со попреченост, вклучително и планирање на временската рамка на реализација.

Адаптираните наставни програми, флексибилноста на нивната реализација и можноста за изготвување на индивидуален образовен план (ИОП) или модифицирана програма за секој ученик му овозможуваат на наставникот да ја планира наставата за 159, односно за 145 наставни дена, согласно со Одлуката на Владата на РСМ учебната 2020/2021 година да започне на 1 октомври 2020 година поради состојбата со пандемијата од ковид-19.

1) http://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf. Закон за основно образование.

2) https://www.bro.gov.mk/%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B8/?idcat=180&customposttype=documents_category. Адаптирани наставни програми за деветгодишно основно образование за ученици со оштетен слух, оштетен вид, пречки во психичкиот развој, аутизам и мултихендикеп. http://www.slvesnik.com.mk/Issues/fb7e5c35ab144f3eb7d9840f876ca818.pdf. Правилник за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој.

Наставата во овие училишта ќе се реализира согласно предлогот на Комисијата формирана од Владата за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство, од препораките на Комисијата за заразни болести и од одлуката на Владата за давање согласност за организирање на настава со физичко присуство.

## 1 Реализација на наставата во посебните основни училишта или посебните паралелки при основните училишта

Во услови на пандемија со ковид-19, посебните основни училишта при планирањето на воспитно-образовниот процес за учебната 2020/2021 година треба:

- да обезбедат услови за непречена и безбедна реализација на наставата (безбедна училишна средина преку подготвен кадар за одржување хигиена и дезинфекција, организирање на движењето на учениците, реорганизација на мебелот во училницата за да се постигне потребната безбедна дистанца меѓу учениците од 1,5 метри, организиран надзор од страна на наставниците и другиот училишен персонал, согласно препораките дадени од Комисијата за заразни болести);
- да овозможат флексибилност во планирање на наставата што води до наставни практики што ќе обезбедат постигања соодветни на индивидуалните можности на учениците (согласно ИОП или модифицираната програма на ученикот);
- да градат училишна клима, структури и организација каде што грижата, почитта и холистичката поддршка имаат централно место во мисијата на училиштата.

Наставата во посебните основни училишта или посебните паралелки при основните училишта ќе се реализира комбинирано и тоа:

- со физичко присуство во училници или дворни површини наменети за потребите и можностите на учениците, коишто соодветно ќе се опремат со материјално-технички и наставни средства и помагала по определени предмети и
- онлајн настава, преку електронско учење од далечина, наменета првенствено за ученици со хронични состојби или со дополнителни коморбидитети (придружни заболувања), како и за останатите ученици со посебни образовни потреби за кои родителите ќе се изјаснат за ваков вид настава.

Малиот број ученици во паралелките и материјално-техничките и просторни услови со кои располагаат посебните основни училишта ги задоволуваат критериумите пропишани во протоколите за заштита во новонастанатата ситуација со ковид-19 и непречена реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во училница.

Настава со физичко присуство во посебните основни училишта ќе се организира и ќе се реализира пет (5) работни дена во неделата, при што ќе се изготви посебен распоред со точно одреден број денови и наставни часови, во зависност од психофизичките и здравствените можности на учениците.

Часовите по физичко и здравствено образование, часовите по музичко образование може да се реализираат во училиштен двор, како и часовите по запознавање на природата, доколку наставната единица го дозволува тоа, притоа запазувајќи ги сите препораки и мерки за заштита и превенција од ковид-19.

Времетраењето на часот што ќе се реализира во училница или во училиштен двор, со физичко присуство на учениците и наставниците, е со флексибилна временска рамка до 30 минути, при што се препорачува само еден одмор меѓу часовите во траење од 20 минути, а останатите одмори меѓу часовите се со времетраење од 5 минути. Се реализираат во училница, со исклучок доколку ученикот има потреба од одење во тоалет или има друг вид итна потреба.

Планирањето на наставата треба да биде согласно со наставниот план, наставните програми, индивидуалниот образовен план и модифицираната наставна програма.

Планирањето на наставниот час со времетраење до 30 минути треба да ги содржи следниве елементи:

- конкретни цели и очекувани резултати за секој час;
- програмски содржини од предметното подрачје/темата преку кои ќе се реализираат воспитно-образовните цели;
- активности, организациски форми и методи на поучување и учење (при што треба да доминираат активните методи на учење);
- време за реализација на деловите на часот (воведен дел, главен дел и завршен дел на часот) во однос на програмските цели и очекуваните резултати;
- дидактички средствата и материјали што ќе се користат, како и
- методи, техники и инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби.

Во дидактичко-методското обликување на часот треба да се почитуваат дидактичките препораки од наставните програми кои предвидуваат

дидактички средства, материјали, методи, техники, инструменти за учениците, соодветни на  степенот и видот на попреченост.

Учениците со оштетен вид кај кои интелектуалните способности се на завидно ниво  може непречено да следат настава со физичко присуство во училници или во дворни површини наменети за потребите и можностите на овие ученици, и онлајн настава, преку електронско учење од далечина,  доколку родителите се изјаснат за ваков вид настава. Притоа, наставниците користат специфични наставни средства и помагала наменети за лица со оштетен вид, како што   се: примена на лупа за визуелно зголемување на содржините  или однапред изготвени содржини со  зголемен и здебелен фонт за слабовидните ученици, а за слепите ученици се изготвуваат:  наставни единици на Брајово писмо, примена на аудиовизуелни и тактилни средства, интернет, примена на образовни софтвери во комбинација со говорен звучен програм; релјефни/тактилни наставни средства и др. За учениците  кои покрај оштетениот вид имаат и друга попреченост и не се во можност да го совладаат наставниот материјал, наставникот треба да примени индивидуален и диференциран пристап, како и да изготви индивидуален образовен план,  доколку ученикот не е во можност да ги постигне целите од наставната програма и резултатите од учењето.

Комбиниран модел на настава со физичко присуство и настава преку електронско учење од далечина  може да следат и учениците со оштетен слух , при што наставникот има слобода во проценката, изборот и примената на соодветни наставни методи, во зависност од видот на часот, наставните содржини предвидени за тој час, индивидуалните карактеристики на учениците (нивните предзнаења, успех, работни навики и сл.), опременоста и достапноста на наставни средства, наставна технологија и др.

Наставниот час се реализира со примена на еден или почесто со комбинација на повеќе наставни методи, а во зависност од индивидуалните способности и тежината на наставниот материјал во работата може да се користи и методата на дактилологија и знаковен јазик, сурдотехнички помагала (индивидуални и групни слушни апарати, микрофон, слушалки и др.).

При планирањето и реализацијата на наставата за учениците со интелектуална попреченост, комбинирани пречки/мултихендикеп и аутизам,  најголем акцент треба да се стави на индивидуалниот пристап во наставата. Употребата на компјутер и интернет, како и визуелни и аудитивни наставни средства и помагала се од особено значење. За овие ученици потребна е примена на дидактички материјал кој е интересен, различен  и не е оптоварен со непотребни детали.

За учениците со интелектуална попреченост, кои најчесто учат по пат на имитации  и за кои наставникот вообичаено е во улога на модел на идентификација, наставата со физичкото присуство е од особено значење.

При планирањето наставникот треба да го почитува принципот на функционално учење, односно наученото на часот да биде практично применливо во секојдневното живеење што е дополнителен мотив за учениците побрзо и поуспешно да учат. Учениците ќе бидат мотивирани, а интересот за учење ќе биде поголем доколку наставната содржина е презентирана во вид на приказна, со стил близок и разбирлив за учениците. Треба да се избегнува оптоварување со фактографски податоци кои се речиси неупотребливи за овие ученици.

За учениците со комбинирани пречки/мултихендикеп наставата со физичко присуство е од особено значење за стекнување и проширување на нивните конкретни искуства и предзнаења и знаења. Користење на повеќе соодветни наставни средства и помагала е неопходно при објаснувањето на новите поими за успешно приближување на новиот поим до ученикот. Притоа, наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателни избрани слики, цртежи, илустрации, филмови и слично.

Поради тешкотиите во разбирањето на многу изрази, факти, апстракции и генерализации, како и слабите говорни способности, кај учениците тешко може да се постигне самостојност во произнесување на преструктуирани содржини, па затоа непосредната комуникација со наставникот е императив во реализацијата на наставата.

При реализирањето на воспитно-образовниот процес со учениците со комбинирани пречки/мултихендикеп, кои имаат и оштетен слух, треба да се работи со богато илустриран материјал. Добро избраната слика, цртеж, илустрација кај ученикот може да го обезбеди она што се сака – ученикот интелектуално да го разбере, логички да го обработи и притоа да сака да се изрази употребувајќи говор.

Кај учениците со комбинирани пречки/мултихендикеп, кои имаат оштетен вид, постојат разлики и варијации кои се однесуваат главно на брзината и темпото на нивниот развој, како и побавно темпо на стекнување одредени вештини и знаења, што треба да се има предвид при реализација на наставата со физичко присуство или при далечинско учење.

За успешно вклучување на учениците со аутизам во воспитно-образовниот процес е потребно обезбедување на чувство на сигурност, чувство на доверба кај наставникот, обезбедување одредена шема во дневните активности, временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности. Наставата со физичко присуство е од особено значење за задоволување на потребата од активно воспоставување на комуникација која ја имаат овие ученици, како и одлична можност за обезбедување на соодветни и едноставни вербални, акустични и визуелни информации. Овие ученици напредуваат во добро структуиран педагошки амбиент, при што акцентот при планирањето треба да се стави на оптимален развој на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Карактеристично за учениците

со аутизам е неприфаќање и несоодветно одговарање на одредени стандардни методи на учење и поучување.

За овие ученици е потребно изготвување на индивидуален образовен план со јасно дефинирани цели, модифицирани во зависност од потребите и способностите на ученикот.

Почитувајќи го холистичкиот пристап во работата со учениците во одделенска и предметна настава, потребна е интегрираност при планирањето на наставата и реализацијата на часовите.

При реализација на час на кој се разработува нова наставна содржина, часот треба да се состои од воведен дел, учечко-поучувачки активности за одделенската настава или главен дел за предметната настава и завршен дел. За реализација на планираните наставни часови во одделенската и предметната настава се препорачува флексибилност во организацијата на наставата.

Задавањето на домашните задачи не треба да е задолжително за секој час. Домашните задачи, како и самиот час треба да имаат определена цел, односно треба да го водат ученикот во резултатот од учење за таа содржина. Домашните задачи/самостојните задачи за учениците што ги задава наставникот треба да бидат во согласност со возраста на учениците и видот и степенот на попреченост.

За време на реализација на наставата, наставникот треба да ги бележи постигањата на учениците, редовно и осмислено да собира релевантни податоци за нивното напредување, остварување на резултатите од учењето и постигнатиот степен на развој на општите и специфичните компетенции на учениците.

Усната и/или писмената повратна информација за учениците е задолжителна за секој час и наставникот ја упатува во афирмативна форма кон учениците со цел поттикнување и поддршка во процесот на учење.

Исто така, наставникот користи систем за бележење на присуството на учениците на наставата.

За родителите/старателите на деца со респираторни, хронични и/или ретки болести, како и на останатите ученици со посебни образовни потреби, кои ќе изберат да следат настава со учење од далечина, од дома, наставниците ќе подготвуваат наставни содржини, материјали за учење, презентации, објави на веб-страницата на училиштето, како и користење на едукативни алатки предложени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, притоа имајќи ги предвид потребите/видот и степенот на попреченост на ученикот.

За учениците кои ќе следат настава од дома, а имаат потреба од стручна поддршка, одговорниот наставник ќе овозможи консултативни и советодавни услуги за родителите, презентации на вежби и активности и насоки за управување со индивидуалните потреби во домашни услови. Оваа поддршка ќе се реализира преку платформата/платформите кои ќе бидат усвоени на ниво на училиштето.

Наставата од далечина ќе биде реализирана со комбинација на неколку едукативни платформи и дигитални апликации, Националната платформа, порталот Едуино, Гугл класрум (Google classroom), креирање платформа на Гугл драјв (Google Drive) и употреба на други алтернативни средства за електронска комуникација вибер (viber) , месинџер (messenger), зум (zoom). Едукативни материјали (презентации, наставни листи, корисни линкови поврзани со наставните содржини, апликации, линкови од националната платформата) ќе се споделуваат со учениците во временски период, согласно посебните планови изготвени од страна на секое училиште и одобрени од Владата на Република Северна Македонија. Поради специфичноста на потребите на учениците, секое училиште ќе изработи и дополнителни развојно-едукативни содржини.

При реализација на наставата со далечинско учење, наставникот остварува комуникација со учениците преку националната платформа. Исто така, наставникот за одредени часови може да им испрати линк на учениците од видеосодржина од базата на Едуино пред да се реализира часот за да може да се подготват и полесно да го реализираат часот. Наставникот може да ја користи и платформата на своето училиште за поставување на наставни материјали или да препорача користење на наставни материјали од други платформи кои овозможуваат реализација на целите на часот и постигнување на поставените резултати од учењето.

Активностите ќе бидат предвидени согласно сите развојни аспекти на личноста на учениците и ќе може да се користат како дополнителна поддршка за организација на слободното време.

Активностите освен на веб-страницата на училиштето може да се објавуваат и на фејсбук-страницата на училиштето, согласно изработениот распоред за развојно-едукативни содржини за учениците од соодветното училиште, со што ресурсите ќе бидат достапни и за пошироката јавност.

Работниот ден на ученикот за настава од далечина ќе трае од 3 до 5 часа дневно, во зависност од возраста и видот на попреченост на учениците и одмор од десетина минути по секој наставен час или активност, согласно изготвен распоред во училиштето базиран на наставниот план. Наставниот час ќе трае до 30 минути, во зависност од нивото на информатичката писменост, мотивираноста, трпеливоста, способноста за управување со времето, самостојноста во учењето, можноста за одржување на внимание и концентрација и други специфики на учениците со посебни образовни потреби.

За учениците кои во своите семејства немаат технички услови и пристап до интернет, училиштето ќе им ги обезбеди на родителите наставните содржини во хартиена форма.

Комуникацијата меѓу наставниците/вработените во училиштето со родителите е по електронски пат (телефон, социјални мрежи, едукативни платформи, официјалната веб-страница на училиштето и сл.), освен во случај кога е неопходна средба (на пр. едукативно предавање).

Посебните основни училишта, согласно законските измени во делот на основното образование и донесената Концепција за инклузивно образование, од учебната 2020/2021 година треба да функционираат како основни училишта со ресурсен центар и да обезбедат поддршка на редовните училишта. За таа цел, преку веб-страницата на училиштето треба да им се овозможи на основните училишта да преземаат едукативни материјали за поддршка на учениците и наставниот кадар, заеднички активности, планови, програми и др. Потребно е и овозможување едукативни предавања на родителите/старателите за учење од далечина, користење на едукативни алатки и платформи, кои би го олесниле стекнувањето на нови наставни содржини за време на електронското учење.

## 2 Реализација на наставата во посебните средни училишта

Средното стручно образование за ученици со посебни образовни потреби во Република Северна Македонија е организирано во четири посебни средни училишта. Императив во организирањето и оспособувањето на учениците со посебни образовни потреби е правилна професионална ориентација и селекција на профили и занимања за кои ќе може да се определат, со јасна визија и можност за нивно вработување и целосно вклучување во општествената средина.

Програмската структура ја сочинуваат предмети од општо образование, стручно образование и практична обука или практична настава, задолжителни активности и слободни часови на училиштето, со различен процент на застапеност во зависност од занимањето или струката која учениците ја изучуваат, степенот на образование, годината на изучување, како и видот и степенот на попреченост.

Просторните услови, опремата и кадровската екипираност на овие училишта овозможуваат реализација на комбиниран модел на наставата со физичко присуство (учениците ќе одат во училиште и ќе следат настава во училница, училишна работилница или во училишниот двор) и онлајн настава (настава преку електронско учење од далечина) за ученици со хронични состојби или дополнителни коморбидитети, како и за останатите ученици со посебни образовни потреби за кои родителите ќе се изјаснат за ваков вид настава.

Наставата со физичко присуство во училиштето ќе се организира и реализира до пет работни дена во неделата, а за секој ученик ќе се изготви индивидуален образовен план (ИОП) или модифицирана програма и посебен распоред на часовите, согласно наставниот план и адаптираните наставни програми по наставните предмети од соодветните струки и занимањата во стручно и работно оспособување.

За време на посетата на училиштето, учениците, личните/образовните асистенти, како и родителите/старателите кои ги придружуваат се обврзани да ги почитуваат сите мерки и правила за заштита и превенција од ковид-19.

За родителите/старателите на деца со респираторни, хронични и/или ретки болести, како и на останатите ученици со посебни образовни потреби, кои ќе изберат да следат настава со учење од далечина од дома, наставниците ќе подготвуваат наставни содржини, материјали за учење, презентации, објави на веб-страницата на училиштето, како и користење на едукативни алатки предложени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

За учениците кои ќе следат настава од дома, а имаат потреба од стручна поддршка, одговорниот наставник ќе овозможи консултативни и советодавни услуги за родителите, презентации на вежби и активности и насоки за управување со индивидуалните потреби во домашни услови. Оваа поддршка ќе се реализира преку платформата/платформите кои ќе бидат усвоени на ниво на училиштето.

Наставата од далечина ќе биде реализирана со комбинација на неколку едукативни платформи и дигитални апликации, Националната платформа, порталот Едуино, Гугл класрум (Google classroom), креирање платформа на Гугл драјв (Google Drive) и употреба на други алтернативни средства за електронска комуникација вибер (viber) , месинџер (messenger), зум (zoom), како и користење на дигитални содржини преку националната онлајн платформа. Со адаптација на наставните програми се утврдени определени теми/подрачја/компоненти и наставни единици што треба да се реализираат во текот на учебната година, со времетраење на часот до 35 минути, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во наставната програма.

При планирањето и реализацијата на наставните единици од адаптираната наставна програма наставникот треба да се води од целите/очекуваните резултати утврдени во наставната програма. Наставникот во процесот на изготвување на индивидуален образовен план (ИОП) или модифицирана програма за секој ученик ја планира наставата за 159, односно за 145 наставни дена.

## Препораки за реализација на адаптираните наставни програми

Наставникот треба да планира, организира и реализира часови за разработка на нови наставни содржини, како и часови за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците и др. во зависност од наставниот предмет и потребите за успешно реализирање на наставната програма, вклучително и процесот на учење.

Одредена наставна содржина може да се разработи во текот на два или повеќе наставни часа, а за која според видот и степенот на попреченоста, како и специфичноста на подучување и учење по наставниот предмет и согледувањата на наставникот, е потребно подолго време за реализација. Потребна е примена на различни методи и стратегии на подучување и учење соодветни за наставниот предмет, видот и степенот на

попреченост, како и примена на специфични наставни средства и друг дидактички материјал (асистивна технологија), а со цел успешно реализирање на наставната програма.

## Организирање и реализација на наставен час

Наставните единици по предметите во средното стручно образование за учениците со посебни образовни потреби се реализираат согласно со наставниот план, наставните програми и индивидуалниот образовен план на наставни часови со скратено времетраење до 35 минути, во зависност од можностите на ученикот за одржување на вниманието и концентрацијата. При реализација на час на кој се разработува нова наставна содржина, часот треба да се состои од воведен дел, главен дел и завршен дел. Освен часови за разработка на нови наставни содржини, согласно наставната програма, наставникот треба да планира, организира и реализира и часови за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање и сл. Овие часови треба да бидат добро испланирани и осмислени при далечинското учење.

На часовите за вежби треба да се решаваат примери слични на оние разработени на часовите за усвојување нови знаења, но и да се прошират со примери во кои учениците ќе го применат усвоеното знаење во нови ситуации.

При реализацијата на часовите за повторување, утврдување, систематизирање и проверка на знаењето на учениците, треба да се користат различни стратегии соодветни за наставниот предмет. На овој вид часови треба да се зајакне усвоеното знаење, да се примени и да се среди, поврзе и систематизира. Тоа може да се реализира преку усни прашања и одговори, дискусии, дебати и сл, како и преку решавање задачи, проблемски ситуации, квизови, тестови итн., со примена на соодветни ИТ-алатки.

## Поставување и користење на е-содржини за основно и за средно образование

Независно од тоа дали се работи за реализирање на настава во основно или, пак, за средно образование, е-содржините (како што се: текстуалните презентации, аудиопрезентациите/видеопрезентациите и други поедноставни е-содржини) наставникот ги изработува и ги поставува на платформата и тие може да бидат достапни и од училиштето за време на реализирање на редовната настава, како и за време на реализирање на наставата и учењето од далечина.

Исто така, на платформата ќе се поставуваат покомплексни е-содржини набавени и одобрени од Бирото за развој на образованието, Цен-

тарот за стручно образование и обука и Државниот испитен центар, што се во согласност со наставните програми, сè со цел да бидат дополнителна поддршка на учениците во учењето на определена наставна единица (снимени видеолекции од наставници пропратени со презентација) или да ги прошират и да ги продлабочат знаењата на учениците, да ги подобрат постигањата на учениците, да направат проверка на знаењата и постигањата на учениците. Е–содржините ќе им бидат достапни на наставниците и на учениците во училиштето, како и за време на организирањето и реализирањето на наставата и учењето од далечина.